РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP
16.09.2021
12 492/5
Вредност: Vlera:

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), согласно член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20) постапувајќи по Жалбата изјавена од Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“, поднесена преку претседател на Здружението, против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од Еколошкото здружение на граѓани „Фронт 21/42“, поднесена преку , претседател на здружението, против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, заведено во Агенцијата под бр.08-613 од 25.08.2021 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Здружението на граѓани „Фронт 21/42“, на 21.07.2021 година поднело Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03/2021/2/118и до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, со кое побарало по пошта или по е-маил да му се достави фотокопија/електронска форма од следните информации:

„Копија од Решенијата за отстранување на бесправно изградени објекти во Општина Охрид донесени од страна на градежните инспектори од Февруари 2021 година до Јули 2021 година, конкретно:

- Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општините Охрид, Струга и Дебарца по кои во целост е постапено и објектите се отсранети;
- Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територијата на Општините Охрид, Струга и Дебарца по кои не е постапено и објектите не се отстранети;
- Копија од Решенија за отстранување на бесправно изградени објекти на територија на Општините Охрид, Струга и Дебарца по кои се поведени судски постапки.“.

Имателот на информации, на ова Барање до Барателот доставил Известување бр. 12-492/1 од 28.07.2021 година, во кое е наведено дека: „Со процесот на децентрализација и донесените закони: Закон за локална самоуправа...Закон за градење....Закон за просторно и урбанистичко планирање ..Законот за урбанистичко планирање.. носењето и извршувањето на управните акти за објекти од втора категорија се во надлежност на општините во чии граници е градбата, во конретниот случај тоа се општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца, на чија територија се наоѓаат бесправно изградените објекти кој се предмет на ова Ваше барање. Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам не постапува за објекти од втора категорија. Надлежноста за овој вид на објекти согласно Законот за градење ја има градоначалникот.“

Незадоволен од наведеното Известување, Барателот на информации на 25.08.2021 година до Агенцијата достави Жалба во кое е наведено дека: „Имено, според доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се побарани Решенијата за остварување на бесправно изградени објекти донесени од страна на градежни инспектори, што значи Решенија за градби од прва катергорија согласно законот. Поконкретно, според чл.57 став (1) од Закон за градење...".

Агенцијата со допис бр.08-613 од 25.08.2021 година, преку е-маил ја препрати Жалбата до Иматели на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

На 06.09.20201 година, Имателот на информации до Агенцијата достави допис „Доставување на информации по однос на жалба" бр12-492/4 од 03.09.2021 година, насловен до Барателот на информации, во кое наведува дека „Од информациите кои ги барате за наведените општини во гореспоменатотот барање во прилог на овој допис Ви ги доставуваме во копие следните акти: ...."

На 13.09.2021 година, Барателот на информации преку е-маил ја извести Агенцијата дека: На 10.09.2021 година Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ни достави одговор на Барање ..Задоволни сме од добиениот одговор преку кој ја добивме бараната информација и поради тоа ја прекинуваме постапката по Жалба (наш архивски бр.03/2021/2/128и) од 24.08.2021 година против Државен инспекторат за градежништво и урбанизам."

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Врз основа на наведеното, Агенцијата утврди дека Имателот на информации постапил по Барањето, но со задоцнување. Агенцијата констатира дека во конкретниот случај имателот постапил по Барањето, а барателот ја добил бараната информација.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2021 година, под бр.08-613.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-613
19. 09 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP